РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-16
07.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: г -дин**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

Ви благодариме за Претставката (наш бр. УПП 03/16 од 24.09.2024 г.) во која наведувате недоследности во врска со примената на предупредувачката сигнализација од „Правилникот за заштита на малолетните лица“, евидентирани во епизоди од играните серијали: „9-1-1/Итна служба“ и „Полициска крв (Blue blood)“, како дел од играната програма од програмскиот сервис на ТВ Сител, емитувани по полноќ (од 00 до 03 часот), на 11 и на 23/24 септември 2024 година, како и во врска со епизодата од серијалот „Приказната за Севда“, емитувана на 18 септември по 21 часот.

Врз основа на Претставката, беше направен увид во програмата на ТВ Сител и <u>беше констатирано дека недоследностите очигледно се направени од техничка небрежност, а не од уредувачка неодговорност</u>, затоа што:

- споредбената проверка за истиве прашања во програмата емитувана на 3, 4, 5, 6 и 7 септември 2024 година, покажува уредувачка доследност преку континуирана апликација на знакот за трета категорија програма (12+) - и кај епизодите од серијалот „9-1-1 / Итна служба“ и кај епизодите од серијалот „Полициска крв (Blue blood)“;

- „проблематичните сцени“ на кои укажувате (*жртви на инцидентни/намерни чинови насилство; употреба продукциски реквизити како материјална реплика на различни видови постојно оружје*) се ретки, траат мошне кусо - сразмерно на целината на една епизода од педесетина минути, монтажно се изведени со куси резови од кадри без детални/крупни планови, а сижејно претставуваат очекувана драматуршка разрешница/последица во сценарио направено по исповед - вистински настани од полициска или од пожарникарска служба;

- „*умереното прикажување насилство*“, што го цитирате од Правилникот, опишано како својствено за втората категорија програма (8+), по претходно наведените детали на уметничката/режисерската изведба, во голема мерка се разликува од критериумите за третата (12+) и за четвртата (16+) категорија програма, за кои, пак, меѓу другото, карактеристични се – „*систематски и зачестени описи/сцени/глетки на психофизичко насилство*“.

Што се однесува до неправилната употреба на визуелниот знак за програми од втора категорија „8+“, Ве информираме дека на почетокот од август беше испратено писмено укажување до сите телевизии, а со редовниот надзор врз програмските сервиси на националните телевизии реализиран во септември 2024 година, неправилната употреба на овој предупредувачки сигнал беше констатирана како прекршок кај четири телевизии, меѓу кои и ТВ Сител. За сите четири телевизии во извештаите од надзорот, согласно член 23 од Законот, е предложено изрекување мерка јавна опомена. Текот на административната постапка и заклучоците од контролниот мониторинг што ќе следи по изрекувањето на мерките, можете да ги следите на веб-страницата на Агенцијата – www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**